Член 3

Се утврдува висината и наплатата на надоместокот за пристап и користење на комуналната инфраструктура на гробиштата и придружните објекти за носителот на гробното место:

- Надоместокот за издавање одобрение за погреб – **200** денари;
- Надоместок за користење на трпезарија за помен – договор за закуп со закупец (трговско угостителско друштво: ТП, ДОО, ДООЕЛ).

Член 4

Се утврдува висината и наплатата на надоместокот за пристап и користење на комуналната инфраструктура на гробиштата и придружните објекти за оператор на погребални услуги и каменорезач, и истиот изнесува:

- За влез на оператор на погребални услуги – **1.800** денари / погреб.
- За влез на каменорезач – **2.500** денари/спомeник (т.е. 625 денари/час за период од 1 до 4 часа), за секој нареден час – **200** денари/час.

Член 5

Се утврдува висината на месечниот надоместокот на услугите утврдени во член 1 од Договорите за вршење на погребални услуги, кои се склучени со корисниците до 2008 година, кој согласно членот 3 од истите договори се зголемува соодветно со коефициентот на порастот на цените на мало утврден од Државниот завод за статистика.

-Висината на месечниот надоместок по носител на гробно место изнесува – **130**ден.

Член 6

Со донесување и влегувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката бр.02-702/1 од 14.10.2014 година за утврдување на висината и наплатата на надоместокот за одржување на градските гробишта.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила по добивањето на согласност од страна на Советот на општина Пробиштип.

УПРАВЕН ОДБОР
ЈКП Никола Карев Пробиштип
Претседател

Митко Георгиевски